Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,
______

# ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-58**
**Датум: 06.07.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Здружение за уметност и култура СИЛИНДАРТ, с. Дебреше, Гостивар **(во натамошниот текст: Силиндарт)** |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „100“ бр. 48, с. Дебреше, Гостивар |
| Адреса за е-пошта | silindart@yahoo.com |
| Телефон | 078 294 333 |
| Матичен број на субјектот | 6939864 |
| Даночен број на субјектот | 4007014516645 |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент | НЛБ АД – Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |
| Име и презиме: , претседател | Име и презиме: претседател |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. **ВОНРЕДЕН** | 3.КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 04.07.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 13.00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 06.07.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 ч. |
| Назив на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во објект Нова Македонија | | |

| | |
|---|---|
| Главна дејност на субјектот на надзорот | Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (шифра: 94.99) |
| Адреса на објектот каде што се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Налогот од раководителот на на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК), бр. 57-58 од 01.07.2022 г., а во врска со иницијативите од Секторот за дејности од областа на културата и бр. 23-5189/1 од 05.04.2022 г. и бр. 23-6928/1 од 02.06.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор во СУИН на МК.

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на првиот дел од преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 90.000 денари (од вкупно одобрените 99.200 денари), согласно со Договорот бр. 22-7123/2 од 04.10.2022 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

Основ: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор, а листите за проверка се задолжителни при редовен инспекциски надзор, согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател | | |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор не беа присутни други лица.

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава бр. УП1 22-2419 од 12.11.2020 г. на Конкурсот за учество во финансирање проекти од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн за 2021 година, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 22-2419/2020 од 23.02.2021 г., прифатен е проектот на Силиндарт: „Работилница на мурали – Мурал фест“, а за негова реализација доделени се средства во износ од 99.200 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 22-7123/2 од 04.10.2021 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 99.200 денари за реализација на проектот „Работилница на мурали – Мурал фест“ и тоа за следните намени: материјални трошоци за продукција на муралите 69.200 и трошоци за печатење на каталог, рекламен и видео материјал 30.000, при што корисникот ќе учествува и со средства обезбедени од други извори во износ од 60.000 денари.

- Силиндарт доставил Барање за исплата на средства за реализација на проектот, бр. 22-7123/1 од 25.05.2021 г. (уште пред склучувањето на Договорот со МК), како и Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства, којшто е доставен два пати, еднаш пред и втор пат по склучувањето на Договорот. Во вториот Оперативен и финансиски план е предвидено трошење на буџетските средства за истите намени коишто се предвидени во Договорот со МК.

- Согласно со обврската од член 5 став (12) од Договорот со МК, на 30.08.2021 г. Силиндарт отворил посебна наменска сметка во НЛБ Банка-Скопје за реализација на проектот и за тоа го известил МК, но сепак, од страна на МК средствата се преведени на основната сметка на Силиндарт.

- Со Решение за преведување средства бр. 22-7123/3 од 02.12.2021 г. од страна на МК преведен е прв дел од средствата за реализација на проектот во износ од 90.000 денари (Банковен извод од Силиндарт бр. 17 од 13.12.2021 г.).


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Според презентираната фото и видео документација, како и изјавате на [redacted] претседател на Силиндарт, проектот „Работилница на мурали – Мурал фест" е реализиран во периодот јуни/јули 2021 г. на повеќе простори на централното основно училиште „Наим Фрашери" во с. Неготино Полошко, Општина Врапчиште, односно, на просторот на централното училиште во Неготино Полошко, како и во две околни села. Во изработката на муралите учествувале 35 ученици, како и неколкумина наставници, што е видно од презентираниот видео и фото материјал.

– Направените трошоци за реализација на проектот се прикажани во следната табела:

| Р.бр | Доверител | Намена | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Артлух" ДОО-Гостивар | Материјали за продукција на муралите | 69.345 | -Платено по Про-фактура бр. 111/2021 од 09.11.2021 г.<br>-Банковен извод 3 од 02.02.2022 г. |
| 2. | „Дино креатив" ДООЕЛ-с. Врапчиште | Снимање на фото и видео материјал за муралите | 30.000 | -Платено по Про-фактура бр. 15 од 09.11.2021 г.<br>-Банковен извод 3 од 02.02.2022 г. |
| Вкупно: | | | 99.345 денари | -9.345 денари се платени од сопствени приходи на Силиндарт |

- Согласно со Договорот, МК има преостаната обврска кон Силиндарт во износ од 9.200 денари.

-Според изјават на [redacted], средствата од други извори во износ од 60.000 денари се потрошени за набавка на храна и пијалаци за учесниците на проектот (35 ученици и неколкумина наставници), како и за дополнителни материјали за изработка на муралите, но за истото не е презентирана сметководствена документација.

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финансиски извештај за неговата реализација, при надзорот е утврдено дека Силиндарт изготвил Наративен и финансиски извештај за реализација на проектот на 10.11.2021 година, којшто потоа го доставил до МК.

- **Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор** констатирано е дека:

  - **Силиндарт го реализирал проектот „Работилница на мурали – Мурал фест“, а првиот дел од преведените средства од Министерството за култура во износ од 90.000 денари ги потрошил наменски, согласно со намените предвидени во Договорот со МК и Оперативниот и финансиски план.**

  - Согласно со Договорот, МК има преостаната обврска кон **Силиндарт во износ од 9.200 денари.**

  - Согласно со обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и **член 5 став (4) од Договорот со МК, Силиндарт изготвил Наративен и финансиски извештај за реализација на проектот на 10.11.2021 година, којштo потоа** го доставил до МК.

**Оттука**, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка **состојба при вонредниот** инспекциски надзор не се утврдени неправилности **во работењето на субјектот на надзор од аспект на примена на член 68 од Законот за културата**, инспекторот ја запира постапката во согласност со **член 83 став (5) од** Законот за инспекциски надзор.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: Нема.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: [redacted] претседател | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: | 06.07.2022 г | Датум: | 06.07.2022 г |



Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk